www.opstinakratovo.gov.mk

mladinskisovetkratovo@gmail.com

ОПШТИНА КРАТОВО
ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

ИЗВЕШТАЈ

од реализирана јавна дискусија во врска со истражувањето спроведено на младите во Општина Кратово

Кратово, јуни 2021

По спроведеното истражување и сумирањето на резултатите од истражувањето спроведено врз 222 млади испитаници од Кратово се изготви извештај. Извештајот беше јавно објавен и достапен за сите на официјалната веб страница на Општина Кратово.

Со цел да се добијат поконкретни насоки и идеи, а воедно да се претстават добиените резултати и пред јавните институции, беше организирана и спроведена јавна дискусија. Дискусијата се одржа на 17.6.2021 (четврток) на отворено – Амфитеатар во Краши бавча, Кратово.

На дискусијата беа поканети младите од Кратово и јавните исннтитуции. Од јавните институции беа поканети:

- Општина Кратово
- Совет на Општина Кратово
- Јавно претпријатие за комунални дејности и инфраструктура „Кратово“
- Центар за вработување – Кратово
- Центар за социјална работа – Кратово
- Дом на култура „Лазар Софијанов“ – Кратово
- Музеј на град Кратово
- СОУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово

Од невладиниот сектор беа поканети неколку активни здруженија кои работат на територијата на Кратово и тоа:

- Здружението за независни инцијативи ЦНГИ Кратово
- Планинарско спортски клуб „Остри Врв“ – Кратово
- АКУСИ „Кула“ – Кратово

На дискусијата свои претставници имаше од: Општина Кратово, Центар за социјална работа – Кратово и Планинарско спортски клуб „Остри Врв“ – Кратово.

На дискусијата беа претставени поенти од едно претходно истражување, а детално се обработија и темелно се продискутираа резултатите од спроведеното истражување.

Меѓу првите податоци за кои се отвори јавна дискусија беше околу заинтересираноста на младите за учество во волонтерски активности. Имено, процент од 41,2% од испитаниците би учествувале во волонтерски активности наменети за младите. Но, тука се постави прашањето како ги замислуваат младите волонтерските активности и волонтеризмот. Речиси сите дискутанти истакнаа дека кога ќе се спомене волонтерство, прво нешто што им „доаѓа на памет“ се еколошки акции во кои волонтерски би учествувале. Дури, кај некои дискутанти тоа е и единствената претстава за волонтерство. Очигледно е дека постои ограничена претстава за волонтерството, па оттука се отвори дискусија на кој начин би можело да се смени тоа и да се постигне да се претстави вистинската содржина на волонтерството. Како заклучоци од дискусијата се истаканаа:

- Потребно е на младите да се објасни дека волонтерството е поширок поим и дека постои заеднички интерес и бенефити и за волотерот и за оној кој ги ангажира волонтерите.
- Потребно е да се разгледа Законот за волонтерство и истиот да се промовира помеѓу младите како и јавните и невладините организации во Кратово
- При реализација на проекти кои се од младински интерес секогаш да се повикуваат младите да земат волонтерско учество
- Единицата на локалната самоуправа да се ангажира во насока на примање на младиснки волонтери во своите редови (за помош во PR на оптшината, како и во другите одделенија).

Во однос на прашањето како го поминуваат слободното време младите во Кратово најчестиот одговор се однесуваше на тоа дека го поминуваат времето со пријателите. Од дискусијата се дозна дека младите најчесто го поминуваат времето со своите пријатели „на кафе“ и прошетки во центарот на градот. Всушност, истото се повторува секојдневно и не постојат доволно активности за да го исполнат на различен начин времето со пријателите. За да се подобри квалитетот на тие дружби дел од дискутантите сметаат дека би требало да се воведат различни содржини. Како примери беа дадени различни можности за анимации како во угостителските

објекти каде младите почесто гравитираат (квизови, отворени стенд ап настани, игри за на маса (board games), филмски вечери) како и услови за вакви анимации на отворени места и локации во градот.

Во однос на наредното дискутирано прашање „Доколку во Кратово се организираат неформални обуки, панел дискусии и активности на кои со сигурност би учествувал?“ најчестите одговори беа:

Значење на активност	**Активност, обука, дискусија**	**Фрекфенција на млади кои би учествувале во %**
1.	Спортски настани	28,2%
2.	Кино	24,8%
3.	Хуманитарни активности	24,8%
4.	Пешачки и планинарски тури	24,8%
5.	Што се случува на факултет? – разговор за искуства на студенти на различни факултети	24,3%
6.	Концерти и фестивали	22,3%
7.	Дали може да сменам нешто во мојата општина поврзано со младите	18,9%
8.	Ментално здравје	18,9%
9.	Како се донесуваат одлуките за младите во мојата општина	18,4%
10.	Како функционира мојата општина	16,5%

Најфрекфентните 10 одговори беа продискутирани. Во врска со спортските настани се спомна дека поради пандемијата предизвикана од КОВИД – 19 дел од активностите се стопираа, но во иднина би требало да се зголемат. Имено, недостатокот од спортски терени и посовремена опрема за спортување се најде како еден од најчестите дискутирани одговори за подобрување на условите за

реализација на спортски настани. Непостоењето на организации кои се баваат со различни спортови е еден недостаток на кој би требало во иднина да се работи.

Што се однесува до киното како потреба на младите, сите дискутанти, па и претставниците на ЕЛС Кратово се согласија дека постојат услови во мултимедијалниот центар. Имено, повторно поради пандемијата од Ковид – 19, тој дел се има запоставено. Радува фактот што веќе се има стапено во контакт со „Македос“ и договорени се првични проекции на филмови на отворено и тоа на платото пред домот на култура и во дворот на училиштето на с. Шлегово. Зависно од интересот се очекува во текот на целиот летен период од 2021 година да има вакви проекции. Но, сепак, интересот за мултимедијалниот центар е висок. Дискутантите истакнаа дека би требало и тој простор да се искористи за проекции на филмови, барем во месеците кога нема потреба од затоплување. Заклучокот беше дека во координација со ЕЛС Кратово и Домот на Култура „Лазар Софијанов“ би можело да се реализираат кино проекции и во киното, зависно од условите кои ќе претстојат во врска со пандемијата од Ковид – 19. Ќе треба да се разгледаат можностите за набавување на филмови. Веќе некои понуди имало пристигнато, но во секој случај би можело да се побараат и повеќе алтернативи. Воедно, се спомна дека и амфитеатарот во кој се одржуваше дискусијата би можел да се искористи за летни вечерни активности. ЕЛС располага со осветлување кое би можело за време на настани да се уреди просторот и да се проектираат филмови, но и да се организираат различни мали анимациски активности за младите.

Хуманитарните активности имаат затаено во последниот период, особено со затворањето на ОО „Црвен Крст“ Кратово, така што во тој поглед би требало да се бараат соодветни решенија.

Околу пешачките и планинарски тури, за поздравување е овогодишното формирање за првпат во Кратово планинарски спорткси клуб „Остри врв“ во кој учество можат да земат сите заинтересирани. Претставниците од клубот кои беа присутни на дискусијата истакнаа, дека веќе почнале да работат на проекти со кои би се означиле и уредиле пешачки патеки во околината на градот. Од дискусијата

се заклучи дека наредниот период би требало да се работи на промоција на клубот и прифаќање на повеќе млади во нивните активности.

ЛМС спомна дека веќе почна да работи на сесиите кои ќе претсојат во месец јуни и јули, а се поврзани со неформални разговори на студенти со средношколци за искуствата на студентите на различни факултети.

Претставниците од ЕЛС Кратово спомнаа дека се прават напори за да во текот на месец април се реактивираат музичките културни настани, при што побараа соработка од младите за организација барем на еден поголем музички настан во Кратово.

Што се однесува до одговорите за учсество на активности на кои би се дознавале одредени знаења од функционирањето на општината („Дали може да сменам нешто во мојата општина поврзано со младите, Како се донесуваат одлуките за младите во мојата општина, Како функционира мојата општина) се продискутира дека би можеле да се организираат мали настани на којшто ќе учествуваат претставници од Општината, Советот на општината и други јавни организации и тела и на кои младите би можеле да стапат во контакт со нив и да се запознаат со нивната работа. Истото тоа може да го прави и ЛМС во соработка со локалните институции.

Во врска со менталното здравје, претставниците од Центарот за социјални работи во Кратово истакнаа дека психолозите вработени во центарот се на располагање на сите млади бесплатно за разговор. Овој податок никој од присутните не го знаеше, така што можеби ова би требало да се промовира повеќе во иднина, но и да се изнајде начин (на пример, со отворање на канцеларија надвор од зградата а социјални работи) каде што би можеле младите поанонимно да извршат разговори. Дополнително, остана обврската да се праша дали истите тие психолози би сакале во иднина да учествуваат доброволно во настани поврзани со менталното здравје на младите.

На наредното прашање „Што им недостасува на младите во Кратово“ како најзначајно се истакна непостоењето на парк. Во дискусијата се вклучија од ЕЛС

Кратово и кажаа дека веќе во текот на наредната година треба да започне со реализација проект за уредување на делови од Краши бавча, а некои позитни потфати веќе се преземаат од ЈПКДИ „Кратово“. Планираско-спортскиот клуб повторно ги спомна проектите на коишто работи за уредување на патека над Карши бавча, кои би биле продолжение на тој дел. Дискутантите ја спомнаа локацијата „Стара Мусала“ за евентуална локација за парк во градот. Сите дискутанти беа свесни дека можеби постојат финансиски ограничувања во поглед на вакви проекти, но се спомна можноста за изнајдување на минимални средства и во соработка со невладин сектор и волонтери од редот на младите да се реализира оваа потреба на младите. Другите можност се адресираат во аплицирања на проекти со кои би можеле да се обезбедат грантови за реализација на вакви проекти (упатени кон НВО и/или ЕЛС Кратово).

За киното/театарот веќе претходно подетално се спомнати евентуалните првични можности.

Во делот на потребата од спортски активности и клубови, во овој дел дополнително се продискутира недостатокот од посовремена опрема за спортување. Примери од младите беа спомнати Street workout справи, пешачки и атлетски патеки, уредување на спортски терени. Некои од дискутаните спомнаа дека на неколку отворени терени за спортување во градот во денови кога временските услови дозволуваат има многу млади кои спортуваат или се рекреираат индивидуално (стадионот на Мусала и отвореното игралиште во рамки на СОУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово. Претставниците на ЕЛС Кратово спомнаа дека дел од овие потреби би можеле да се реализираат преку проекти на кои тие би можеле да аплицираат или пак НВО секторот.

Во делот на потреба од помош пред вработување младите сметаат дека АВРМ и приватните компании се таму кадешто треба да се обратат. Дел од присутните млади спомнаа дека имаат учествувано на дел од понудите на АВРМ за едукација и преквалификација и кажаа дека имале одлични искуства. Но, исто така истакнаа дека младите не добивале информации од Агенцијата за орворените конкурси. Всушност, потребно е да се информираат на начин што ќе го отворат веб-сајтот и

ќе побараат информации таму или пак директно во центарот во Кратово. Како предлог од младите беше даден да Центарот за вработуање направи датабаза од е-мејловите на нвеработени лица од 18 – 29 и да им го испраќа сите повици на мејл.

Што се однесува до тоа „дали доколку имаат идеја за бизнис во Кратово би се потрудил да ја реализираш?“ најголем дел од младите одговориле дека би оделе до крај. Овој одговор го пофалија присутните. Се отвори дискусија за сите можности кои би биле олеснителни за младите, а како најзначајни се истакнаа:

- Поголемо користење на конкурсите од АВРМ
- Да се разгледаат можностите за одредени олеснувања или поддршка од страна на општината а да се однесуваат на младите претприемачи во градот
- Да се обезбедат обуки за младите во насока на полесно вработување, проектна документација, доаѓање до инвестици и сл.

Во делот на прашањето како сакаат младите да се информираат за младинските политики од страна на Општината најголем број млади одговориле преку Instagram, Веб сајт на општина Кратово и Facebook. Општината веќе има веб сајт и Facebook. Во претходна средба со назначеното лице од општината за млади, Катерина Станковиќ, веќе е отворен профил на Instagram кој недостасуваш, а е побаран од младите.